РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„Славејко Арсов“ с. Подмочани - Ресен

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА ООУ „СЛАВЕЈКО АРСОВ“

## с.Подмочани-Ресен

## 2023/2024 – 2024/2025

# СОДРЖИНА


СОДРЖИНА .......... 2

Податоци за училиштето .......... 3

ВОВЕД .......... 4

ПОДРАЧЈЕ 1: Планирање, настава и учење .......... 5

1. Опис на состојбата .......... 5

2. Силни страни .......... 5

3. Слаби страни .......... 6

4. Приоритети .......... 6

ПОДРАЧЈЕ 2: Постигања на учениците .......... 7

1. Опис на состојбата .......... 7

2. Силни страни .......... 7

3. Слаби страни .......... 8

4. Приоритети .......... 8

ПОДРАЧЈЕ 3: Училишна клима и односи во училиштето .......... 9

1. Опис на состојбата .......... 9

2. Силни страни .......... 9

3. Слаби страни .......... 10

4. Приоритети .......... 10

ПОДРАЧЈЕ 4: Управување,раководење и креирање политики .......... 11

1. Опис на состојбата .......... 11

2. Силни страни .......... 11

3. Слаби страни .......... 11

4. Приоритети .......... 12

МЕТОДОЛОГИЈА .......... 13

ЗАКЛУЧОК .......... 14

## Податоци за училиштето

**Период:** 2023/2024- 2024/2025

**Вид на училиштето:** Општинско основно училиште

**Основач на училиштето:** Општина Ресен

**Наставен јазик:** македонски и албански јазик

**Претседател на Училишен одбор:** Игор Стојановски

**Директор на училиштето:** Себахат Шемшединовска

**Адреса на училиштето:** с.Подмочани-Ресен

**Телефон: 047/489-090**

**e-mail:** slavejkoarsovp@yahoo.com

# ВОВЕД

**Самоевалуацијата на училиштето се спроведе врз основа на Законот за основно образование, Индикаторите за квалитет на работата на училиштето изготвени од Министерството за образование и науки и Државен просветен инспекторат.**

Извештајот за самоевалуација на ООУ „Славејко Арсов“ – с. Подмочани се однесува на периодот од 2023 до 2025 година. Самоевалуацијата е спроведена согласно Правилникот за начинот и постапката за самоевалуација на основните училишта, а во согласност со националните стандарди за квалитет во образованието.

Самоевалуацијата на училиштето се изработува со цел да се направи детален преглед и анализа на работењето на училиштето, напредокот и постигнувањата во изминатиот период. Од анализите стануваат видливи силните страни и квалитетите, како и слабостите и можностите за напредок. Дефинирањето на силните и слабите страни во работата е основа за планирање на идните чекори и мерки за подобрување на квалитетот во работата на училиштето, кои детално ќе бидат разработени во програмата за развој на училиштето. Самоевалуацијата ја дава општата насока во која треба да се ангажираат учесниците во воспитно-образовниот процес, увид во расположливите капацитети, како и преглед на приоритетните области во кои треба да се делува за да се оствари крајната цел. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е да се работи на отстранување на недостатоците и намалување на бројот на слаби страни и задржување и зајакнување на силните страни и квалитетите.
По извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени целокупната работа на училиштето со оцена Добро. Оваа оцена е изведена од добиените оцени во сите четири подрачја кои ја отсликуваат работата на училиштето во посебните области.

**Област 1: Планирање,настава и учење**
**Област 2: Постигнувања на учениците**
**Област 3: Училишна клима и односи во училиштето**
**Област 4: Управување, раководење и креирање политики**

## ПОДРАЧЈЕ 1: Планирање, настава и учење

| Индикатори за квалитет | Ниво на евалуација |
|---|---|
| 1.Планирањето се заснова на наставни програми и е прилагодено на потребите на учениците | Добро |
| 2.Наставата е организирана и се реализира соодветно | Многу добро |
| 3.Се користат различни методи,техники и средства за учење | Добро |
| 4.Се поттикнува активно учество на учениците во наставата | Добро |
| 5.Наставата се прилагодува според индивидуалните разлики кај учениците | Добро |
| 6.Постои повратна информација и евалуација од наставниот процес | Добро |

### 4. Опис на состојбата

Во подрачјето на планирање, настава и учење, училиштето обезбедува обука за наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники. Постојат воспоставени процедури за следење и поддршка при планирањето. Наставата се реализира редовно и квалитетно, а изборните предмети се усогласени со интересите на учениците. Задачите и активностите се приспособуваат според индивидуалните образовни потреби на учениците. Интеракцијата на часовите е на задоволително ниво, а наставниците поттикнуваат критичко размислување и активно учество.

### 2. Силни страни

- Постојана размена на искуства помеѓу наставниците
- Редовна реализација на наставата
- Високо ниво на интеракција на часовите
- Примена на различни приоди и ресурси во наставата
- Формативно оценување
- Афирмативен однос кон учениците

### 3. Слаби страни

- Недоволна поддршка при планирањето
- Недоволна информираност за критериуми за оценување
- Ограничена вклученост на учениците во планирањето на воннаставни активности

### 4. Приоритети

- Зголемување на поддршката од стручната служба
- Подобрување на комуникацијата за оценувањето
- Активно вклучување на учениците во изборот и планирањето на активности

## ПОДРАЧЈЕ 2: Постигања на учениците

| Индикатори за квалитет | Ниво на евалуација |
|---|---|
| 1.Следење и анализа на постигањата на учениците по различни основи | Добро |
| 2.Обезбедување поддршка за ученици со тешкотии и надарени ученици | Добро |
| 3.Редовна информираност на родителите за напредокот на учениците | Многу добро |
| 4.Додатна и дополнителна настава според потребите | Добро |
| 5.Поттикнување на креативност и критичко размислување | Доволно |

### 5. Опис на состојбата

Училиштето редовно ги следи постигањата на учениците по пол, јазик на наставата и предмети. Резултатите се анализираат квартално, а врз основа на нив се носат акциски планови за подобрување. Учеството и постигањата на учениците на воннаставни активности и натпревари исто така се евидентираат и анализираат. Постојат воспоставени процедури за идентификација на ученици со тешкотии во учењето и надарени ученици, за кои се реализираат соодветни дополнителни, односно додатни активности. Родителите се редовно информирани за напредокот на своите деца, преку родителски средби, е-дневник и индивидуални советувања.

### 2. Силни страни

- Училиштето редовно прибира и анализира податоци за постигањата на учениците
- Постојат ефективни системи за идентификација и поддршка на ученици со тешкотии и надарени ученици
- Се спроведува редовно и навремено информирање на родителите
- Организирани се советувања со ученици и родители при потреба
- Реализирана е дополнителна и диференцирана настава низ целата учебна година

## 3. Слаби страни

- Пониски резултати по одредени наставни предмети, идентификувани во анализата на постигањата

## 4. Приоритети

- Поттикнување и развивање на критичко размислување кај учениците
- Зголемено користење на стратегии за активно учење и истражувачки приоди
- Насочување на наставниот процес кон повисоки когнитивни домени и примена на знаењето во нови ситуации

## ПОДРАЧЈЕ 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за квалитет | Ниво на евалуација |
|---|---|
| 1.Учениците се чувствуваат безбедно и прифатено во училиштето | Многу добро |
| 2. Комуникацијата помеѓу наставниците ,учениците и раководството е отворена и почитувачка | Добро |
| 3.Постои позитивна и поддржувачка атмосфера за учење | Многу добро |
| 4. Се промовира меѓусебно почитување и толеранција | Многу добро |
| 5. Учениците имаат можност за слободно изразување и мислење | Доволно |

### 6. Опис на состојбата

Климата во училиштето се карактеризира со позитивна, безбедна и поддржувачка атмосфера. Односите помеѓу наставниците, учениците, родителите и стручната служба се засноваат на заемна почит, соработка и доверба. Учениците чувствуваат припадност кон училиштето, се вклучени во различни активности и имаат можност да ги изразат своите мислења. Постои отвореност за комуникација и заедничко решавање на проблеми. Стручната служба работи на превенција на насилството, поттикнување на инклузивност и развој на социјални вештини кај учениците.

### 2. Силни страни

- Учениците се чувствуваат безбедно и прифатено во училиштето
- Позитивна и поддржувачка атмосфера
- Добра соработка меѓу наставници, родители и стручна служба
- Превентивна работа во однос на насилство и конфликти

## 3. Слаби страни

- Потреба од повеќе систематизирани активности за развој на емпатија и интеркултурна свест
- Ограничена вклученост на учениците во донесување одлуки

## 4. Приоритети

- Јакнење на улогата на ученичката заедница
- Развој на програми за социјални и емоционални вештини
- Поттикнување на поголема интеркултурна комуникација и вклученост

## ПОДРАЧЈЕ 4: Управување,раководење и креирање политики

| Индикатори за квалитет | Ниво на евалуација |
|---|---|
| 1.Училиштето има воспоставен систем на управување и одлучување | Добро |
| 2.Вклученост на сите чинители во управувањето со училиштето | Доволно |
| 3. Применување на демократски принципи во одлучувањето | Добро |
| 4. Постои отчетност и транспарентност на работата | Доволно |

### 7. Опис на состојбата

Управувањето и раководењето во училиштето се заснова на транспарентност, вклученост и ефикасна комуникација. Директорот ги информира вработените за важни прашања, донесува одлуки во согласност со законските прописи и овозможува учество на наставниците и стручните соработници во процесот на донесување одлуки.
Се спроведуваат редовни состаноци на наставничкиот и училишниот одбор, а стручните активи имаат значајна улога во планирањето и реализацијата на воспитно-образовната дејност. Има воспоставен систем за самоевалуација, планирање на професионален развој и следење на реализираните активности.

### 2. Силни страни

- Транспарентно и отчетно раководење
- Вклученост на вработените во процесите на одлучување
- Редовна комуникација преку состаноци и известувања
- Систематски пристап во самопроценка и планирање

### 3. Слаби страни

- Ограничени можности за надворешни обуки и стручна надградба
- Понекогаш недоволна мотивација за иницијатива кај одредени чинители

## 4. Приоритети

- Зголемување на поддршката за стручно усовршување
- Поттикнување на проактивност кај сите чинители
- Поголема отвореност кон надворешни партнерства и соработка

# МЕТОДОЛОГИЈА

Процесот на самоевалуација во ООУ „Славејко Арсов“ – с. Подмочани беше спроведен согласно националните стандарди и насоки за самоевалуација. Во процесот беа користени квантитативни и квалитативни методи за собирање и анализа на податоци.

**Методи за прибирање податоци:**

- Анкети за наставници, ученици и родители
- Интервјуа со директорот и стручната служба
- Фокус групи со ученици и наставници
- Увид во педагошка и стручна документација
- Анализа на постигањата на учениците по квалификациски периоди

Собраните податоци беа обработени, споредени и анализирани од страна на тимот за самоевалуација. Добро евидентирани се и квантитативните резултати (изразени во проценти), како и квалитативните впечатоци од фокус групите и интервјуата.

# ЗАКЛУЧОК

Самоевалуацијата покажа дека ООУ „Славејко Арсов“ располага со стабилни основи за квалитетно образование. Училиштето има систематски пристап кон планирањето, спроведувањето на наставата и следењето на постигањата на учениците. Соработката меѓу наставници, ученици и родители е на завидно ниво, а условите за работа генерално се добри.

Сепак, потребно е да се вложат дополнителни напори во неколку приоритетни области:

- Подобрување на информираноста за критериумите за оценување
- Зголемување на вклученоста на учениците во воннаставни активности
- Унапредување на критичкото размислување и истражувачките способности

Извештајот претставува основа за понатамошно стратешко планирање и континуирано унапредување на квалитетот на образованието во училиштето.

**Педагошки тим:**

1. Себахат Шемшединовска –директор
2. Мустафа Медини- родител
3. Нериман АлМалла- одделенски наставник
4. Ленче Нечовски-предметен наставник
5. Кети Гелмановска- Психолог